РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 17-167/5
Датум 16.03.2011 200 _ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2, алинеа 4 и 104, став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08,103/8,26/9,83/09,99/09 и115/10, Одборот за акредитација на 35 седница одржана на 24.02.2011 година донесе

# РЕШЕНИЕ

**Со кое се акредитираат студиските програми за вториот циклус двегодишни студии, студиска програма по Психологија во социјалната заштита на Факултетот за психологија на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „Г. Р. Дежавин" - Свети Николе, Република Македонија**

1. Се акредитира студиска програма од вториот циклус последипломски студии по **Психологија во социјалната заштита** на Факултетот за психологија, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за втор циклу студии за **Психологија во социјалната заштита,** во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на вториот циклус и одбрана на магистерски труд, студентот се стекнува со научниот степен **магистер по психолошки науки**, научно-истражувачко подрачје: општествени науки, научноистражувачко поле: психологија, научна област: психологија во социјалната заштита.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за психологија на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт, „Р.Г.Државин" по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за организирање втор циклус на студии по психологија во социјалната заштита, како и одлуката за усвојување на студиските програми по Психологија во социјаланата заштита од Управниот одбор, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од вториот циклус (последипломски студии), студиска програма по Психологија во социјалната заштита .

Одборот за акредитација на својата 33 седница одржана на 23.12.2010 година формира експертска комисија и на 35 седница одржана на 24.02.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,
проф. д-р Михаил Петковски